# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ



## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## 17

- НОВАЦИ, 2021-

НОВАЦИ, 2022

# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
# НОВАЦИ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**17**

**НОВАЦИ 2021**

**НОВАЦИ, 2022**

**Издавач:**
Пелагонски-културно-научни средби – Новаци

**За издавачот:**
д-р Весна Калпаковска

**Главен и одговорен уредник:**
д-р Весна Калпаковска

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
Трајан Митровски
Биљана Т. Димко

**Лектура и коректура:**
Јасмина Осифесо

**Компјутерска обработка**
д-р Весна Калпаковска

Новаци, 2022

# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
# НОВАЦИ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**17**

**НОВАЦИ 2021**

**НОВАЦИ, 2022**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент
Охридски", Скопје
821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)
821.163.3(082)
ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби Новаци : зборник на трудови
17 :
Новаци 2021 / [главен и одговорен уредник Весна Калпаковска]. -
Новаци :
Пелагонски културно-научни средби, 2022. - 339 стр. : илустр. ; 25 см
Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови
ISBN 978-608-66686-2-4
а) Македонска книжевност -- Собири -- Зборници б) Општествени и
културни
прашања -- Собири -- Зборници
COBISS.MK-ID 58110725

Печатењето на Зборник на трудови 17 е поддржано од Министерство за
култура на Република Северна Македонија.
Советот на Пелагонските културно-научни средби ја искажува својата
срдечна благодарност.

**Никола В. Димитров**[1]
nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

# ИЗВАДОЦИ ОД СПОМЕНИТЕ НА НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА СЕЛАТА ОД ДЕНЕШНАТА ОПШТИНА НОВАЦИ

**Апстракт**

Спомените на Никола Петров Русински по многу нешта се драгоцени и ретка мемоарска литература важна за дел од историјата на националноослободителното движење на македонскиот народ од 1895 до крајот на 1903 г..

Во дел од спомените има тематска содржина за Организаторската и революционерната активност на Н.П. Русински во Битолско и Мариовско од 7 декември 1902 г. до Илинденското востание.

Предмет на опсервација е општествено - економската положба на дел од селата кои денес припаѓаат на општина Новаци. Главна цел е утврдување на беговската експлоатација, застапеноста на земјоделството, опфатот на сточарството, степенот на сиромаштија и други економски проблеми со кои се соочувало населението.

Неподносливата мизерија од една страна, и поделба на населението на две непријателски струи, од друга страна, се главни причини кои веднаш по илинденското востание ќе предизвика и егзодус на значителен дел од населението.

**Клучни зборови:** чифлигарски и беговски села, експлоатација, сиромаштија, мало земјоделство и сточарство, статистика, реквизиција, непријателски струи.

## 1. Кратка биографија на Никола Петров Русински (1875-1943)

Никола Петров Русински е роден на 21 ноември 1875г. во с. Русиново, Малешевско, планинско село од кое потекнувале витални, слободољубиви и непокорни луѓе. На девет месеци останува без татко, кој оставил четири деца сираци. За сите нив се грижеше мајка му, која умира во 1894г. Уште во текот на раната младост бил сведок на две доживувања со разбојници и за среќа поминува без последици. Во селото го завршува ќелијното училиште до трети клас. Кратко време учи ковачки и шивачки занает. Собирал пари со желба да го продолжи своето образование. Во 1891г. поради една случка со локални разбојници, морал да избега во Бугарија.

---

[1] Д-р Никола В. Димитров, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, и Факултет за природни и технички науки, студиска програма Географија, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Таму, останал да работи со ѕидари. Мајсторот му доверил да ги води сметките, но тоа траело кратко и поради болест, во 1892 г. се враќа во Русиново. Во периодот од 1893 до 1895 г. престојувал во Цариград, каде се образувал и тогаш се запознал со социјалистички идеи, а од септември 1895 до март 1897 г. учел во подофицерското училиште во Софија и бил близок пријател на Гоце Делчев и Васил Главинов. Во 1895 г. се вклучил во редовите на Македонската организација. Во 1897 г., Русински станал четник во првата чета на ТМОРО во Малешевијата, предводена од војводата Васил Чочов.

Во 1898г., Никола Петров Русински се запознал со Васил Главинов, кој во Софија ја формирал Македонско – одринска социјалистичка група. Русински како социјалист, се вклучил кон групата во која членувале Велко Марков, Никола Карев, Димо Хаџи Димов, Лазар Главинов и други. Социјалистите се залагале за ослободување на Македонија и ги истакнале слоганите „Македонија за Македонците" и „Ослободувањето на Македонија е работа на Македонците". Во таа насока, социјалистите имале контакти со ТМОРО со која се сложувале за потребата од вооружено ослободување на Македонија и создавање автономна македонска република со сопствени сили.

Никола Русински учествувал на Првата социјалистичка конференција во Македонија, одржана на 3 јули во 1900г. во близина на Крушево. Русински станал истакнат организатор и војвода на чета. Тој бил првиот војвода–агитатор во Крушевско, Демирхисарско, Кичевско, Прилепско, Охридско, Струшко, Битолско и Мариовско. Во четата на Русински како подвојводи во своите реони дејствувале: Јордан Пиперката, Веле Марков, Ѓурчин Наумов–Пљакот, Ванчо Србаков, Ѓорѓи Сугарев, Тале Христов и други.

Русински учествувал и на Смилевскиот конгрес, и бил против масовно востание, бидејќи четите и населението не биле доволно подготвени, но сепак ги прифатил одлуките донесени на Конгресот. Во текот на Илинденското востание, Никола Русински, дејствувал во Мариово и командувал и со леринските чети, кои се засолнале во Мариовско, откако се извлекле од тешката ситуација во Леринскиот реон. До распуштањето на четите тој имал под своја команда вкупно 270 вооружени четници, 30 невооружени луѓе и комора во која во почетокот имало 400 овци и десет коњи. (Н.П.Р., Спомени, стр.16) Користел повеќе псевдоними, како: Апостол Скитов, Атила Елеонски и други.

По Младотурската револуција, од 1908 до 1911 г., легално живеел во Битола, посветувајќи им се на социјалистичката пропаганда и синдикалното движење. Н.П. Русински како и многу други Македонци и поранешни членови на Организацијата, учествувал во балканските војни. По чие завршување бил кандидат на парламентарните избори во Пиринска Македонија. Набрзо потоа, со почетокот на Првата светска војна, тој бил

мобилизиран како војник. По завршувањето на Првата светска војна, тој заедно со своето семејство останал да живее во родното село Русиново. Се вклучил во политичкиот живот со надеж дека ќе им помогне на жителите од својот крај.

Во бурната изборна 1920г. тој е активен во пропагирањето на социјалистичките идеи, со цел во новосоздадените услови да се гласа за најлевата опозициона партија–КПЈ. На изборите КПЈ имала извонреден успех и на општинските и на парламентарните избори. Н.П. Русински бил избран за потпретседател на Мировниот суд и за претседател на Владимирската општина. Со донесувањето на Обзнаната на 29 декември 1920г., кога започнале отворени прогони, Русински пред опасноста да биде убиено целото негово семејство, со жена му и децата се префрлил илегално преку граница во Бугарија.

Во Бугарија, Русински си останал доследен привзраник на социјалистичките, односно на комунистичките идеи, продолжил да соработува со Васил Главинов до неговата смрт и со други македонски социјалисти и поранешни револуционери, но не се активирал во македонските емигрантски организации. Тој си останал и натаму голем противник на врховизмот и тероризмот.

Во Софија меѓу двете светски војни ја доживеал и најголемата семејна трагедија, поради немаштијата и лошите услови за живот се разболеле жена му и трите деца и умреле таа и двете ќерки. Настаните во 1941г. ги дочекал скршен од болка, разочаран без никакви средства за живот.

При крајот на летото 1941г. се враќа во своето родно село Русиново. Бил прифатен и помаган од неговите блиски и соселани. Умира во пролетта 1943г. (14.02.1943г.) во своето родно село Русиново, каде е и погребан. (Н.П.Р. Спомени, стр.10-20, 35-36, 42-51)

### 2. Краток опис на *Споменит*е на Никола Петров Русински

Спомените во ракопис на Никола Петров Русински се негово многу значајно сведоштво за едно херојско време, односно за времето од крајот на 19 век заклучно со крајот на Илинденското востание. Спомените на Никола Петров Русински, кои се наоѓаат во Институтот за национална историја се многу обемни. Тие се пишувани во девет тетратки со стандарден школски формат, во вкупен обем од над 1300 страници.

Никола Петров имал голема желба неговите спомени да бидат објавени уште додека бил жив, но поради повеќе причини оваа негова животна желба останала неостварена. Во шест делови од нив и од материјалите од Смилевскиот конгрес зачувани од него, Русински успеал да ги објави во периодот меѓу двете светски војни во списанијата „Илустрација Илинден" (во 5 посебни дела, во 1929, 1933, 1937, 1938, и 1939 г.) и во „Македонски Вести" (1 дел, 1935 г.) и во една брошура под наслов „Прилог кон

историјата на Внатрешната македонско–одринска револуционерна организација (организаторскиот период), за времето од 1900 до 1903", Софија, 1936 г. (Н.П.Р. Спомени, стр. 24).

Проф. д-р Љубен Лапе прв од македонските историчари во периодот по ослободувањето, објави мал дел од ракописната оставина на Никола Петров Русински. Значаен труд вложил и Стојан Ристески кој среди и редактира делови од спомените на Русински кои се однесуваат на Охридско и на Струшко. Исто така, има повеќе автори (Манол Пандевски, Данчо Зографски, Крсте Битовски, Орде Ивановски, Димитар Димевски, Александар Трајановски, Михаило Георгиевски и др.) при подготвувањето на одделни книги, монографии, статии и прилози, да наведуваат делови од Спомените на Русински. (Н.П.Р., Спомени, стр. 9 и 25)

Со поддршка и согласност на повеќе субјекти и институции, Институтот за национална историја одлучи овој драгоцен архивски фонд (спомените и другите ракописи) да ги преведе, среди, редактира и објави во книга: Спомени на Никола Петров Русински. Освен тоа, ИНИ одлучи некои негови текстови, осврти, критики, лични документи и други ракописи, кои исто така се дел од неговата писмена оставина, да ги среди и смести на крајот како прилози. Со тоа ИНИ смета дека, иако посмртно, му се остварува и големата желба на Никола Петров Русински, Спомените да останат забележани и достапни за идните поколенија. (стр. 20, 25, 34)

Во Спомените Н.П. Русински зборува за неговото семејство, неговиот животен пат – младоста, заминувањето од родното село, неговото влегување во Македонската револуционерна организација (од 1896 до 1903 г.), неговата револуционерна дејност во Малешевско, Кочанско, Струмичко, Горноџумајско, Виничката афера, учество во одземање на пари од Аџи Иван Весов во Велес, патувањето од Скопје преку Поречието до Крушево, учеството на Првата конференција на Македонската социјалистичка група во Крушево, организатор и војвода на ТМОРО во Демирхисарскиот и Крушевскиот реон, револуционерната дејност во Прилепско, во Охридско-Струшката околија, организаторската и револуционерната активност во Битолско и Мариовско, учеството на Русински во Илинденското востание и друго. На крајот Спомените завршуваат со 18 Прилози-разни писма, извештаи, списоци, одговори, објаснувања и сл.

Објавените Спомени се уредени во 12 поглавја и плус Прилози. Заедно со регистер на лични имиња и регистер на географски имиња. Книгата е во обем од 368 страни. Насловот на книгата гласи: **Никола Петров Русински, Спомени**, предговор, редакција и коментар, проф. д-р Даринка Пачемска – Петреска и проф. д-р Војо Кушевски, Институт за национална историја (ИНИ), Скопје,1997, стр. 368.

### 3. Општествено – економска положба на дел од селата од денешната општина Новаци

Во овој дел ќе дадеме извадоци на Организаторската и револуционерната дејност на Никола Петров Русински во Битолско и Мариовско од 7 декември до Илинденското востание. Описот ќе биде само за десеттина села од денешната општина Новаци, и тоа за период од 04. до 14. 02.1903 г.

Во фокусот на анализата ќе биде само општествено–економската положба на селата од кои може да се согледа сиромаштијата и неподготвеноста на населението за економска или било каква организирана форма на здружување. Во текстот што следи ќе изнесеме делови од неговата посета, прибирањето статистички податоци, и податоци за реквизиција.[2] Во конкретниот случај тоа било еден вид статистика за реквизиција за потребите на идното востание.

Во наведениот период од 04. до 14.02.1903 г., Русински ги поминал и престојувал во четиринаесет села (денес дел од општина Новаци), и тоа по следниот редослед - правец на движење (Види: Карта): 1. Новаци – 2. Рибарци – 3. Чегел – 4. Скочивир – 5. Брод – 6. Полог – 7. Петалино – 8. Груниште – 9. Будимирци – 10. Градешница – 11. Ивени – 12. Брник – 13. Рапеш – 14. Маково. (Користење на извадоци од Спомените, стр. 241, 246-255)

*„...Заминавме пак за* ***Новаци****, каде што наредив да се повикаат сите селани на собрание, да присуствува и попот. Присуствуваа повеќе од 80 луѓе, меѓу кои имаше 25 младинци постари од 17 години. Зборував за економската и политичката положба на земјата и за влијанието на беговите врз едното и другото. Го пополнив бројот на составот на револуционерниот комитет и на целиот негов подвижен апарат. Откако зедов статистички податоци ги подложив на клетва сите непосветени на делото... Си ги прибрав четниците од стражата, кај кои се наоѓаше и пристигнатиот курир од село* ***Рибарци****, со кого влеговме во тоа село. Со негова помош можевме да собереме 18-20 луѓе. Јас направив статистика. Селаните – ратаи кај беговите, исто така, се претвориле во работен добиток, но се прекрасна почва за делото. Избравме револуционерен комитет со целиот негов подвижен состав, им дадов совети, разгледав некои дела. Додека вечеравме стражарите јавија дека пристигнал курир од с.* ***Чегел****. По половина час заминавме со куририот. Околу 20 селани беа собрани во една куќа и ние не губевме време за нивното прибирање. Веднаш пристапив кон статистичките податоци. Ова село исто така беше*

[2] Реквизиција - присилно отуѓување со наплата или привремено одземање на имот на приватни лица или општествени организации од државни или воени власти. Пример: Реквизиција или отуѓување на жито, сточен фонд и друго.

*чифлиг. Истата мизерија како и во другите беговски чифлици. По краткиот говор за собраните податоци, избравме револуционерен комитет и други функционери. Им дадов податоци на сите заедно и поединечно, разгледав некои дела меѓу селаните и се подготвивме за пат. Стражарот соопшти дека пристигнал курир. Го напуштивме Чегел на пат за Скочивир. Таму го поминавме денот, само двајца луѓе знаеја дека сме во селото.* ***Скочивир*** *беше чифлигарско село на Грк. Таму луѓето не беа понижени. Имаше десетина самостојни куќи. Тие беа горди, иако кај нив отсуствуваше сознание за слобода. Селото Скочивир беше на левиот брег на р. Црна и близу до неа на стотина чекори. Рамното подрачје на битолското и на леринското поле завршува со Скочивир. Од него надолу се формира голема карпеста месност, на југ потисната од планината Ниџе, разгранетиот Барбеш и др., а од север од параловската падина, којашто длабоко се врежала во полето до селата Брод и Скочивир, кај кои се формира завој. Скочивир скоро нема поле. Неговото поле личи на инка, чиешто дно е селото. Земјоделието му беше* (стр.248) *мало, одгледуваа добар ситен и крупен добиток: овци, кози, говеда и коњи. Вечерта ги собраа сите селани, со исклучок на еден или на двајца. Селото броеше 80 куќи. Направив статистика. Се покажа дека селото Скочивир е најбогато. Според мојот план за реквизиција, таму запишав 230 глави овци и кози и шест говеда, а жито околу 1200 оки. Потоа избравме револуционерен комитет со сите негови помошни функционери... Го распуштив собранието и со четата заминав за селото Брод.* (стр. 249). *Штом се собраа луѓето почнав да собирам статистички податоци, по што зедов да ја разгледувам состојбата на секој поодделно и општо на сите. Брод имаше малку беговска земја, чифлиг. Другите беа самостојни стопани на имот, но во мал синор поле и селани со мал имот. Беговите од соседните села ја завладеале подобрата земја околу с. Брод, така што населението не располагаше со повеќе од пет дулуми земја на човек. Во с.* ***Брод****, според планот на реквизицијата, не можев да соберам, повеќе од 90 глави, овци и кози, а говеда и коњи ниту едно. Воопшто констатирав сиромаштија*...(стр. 250.) *Направив еден мал вовед пред да ги земам статистичките податоци и почнав да опишувам сè... Се поздравивме и заминавме за с.* ***Полог****, каде што го поминавме денот само со знаење на двајца селани, во чии куќи бевме...Се покажа дека селото има 65 куќи со 265 жители и дека тие речиси мизеруваа. Земјиштето му е од голи и каменести ридишта со малку земја ораница и воопшто недоходовна, т.е. неплодородна, посна. Населението се занимаваше со земјоделието и сточарството. Голите стрмни и каменести ридишта не можеа да го одржат животот на крупен добиток и кози. Имаше 2940 глави овци и околу 60 кози. Посната земја, изложена и на поројни дождови, им даваше жито на земјоделците само доколку е наѓубрена. Само овците беа тие кои*

можат да ги нагубрат нивните ниви. Тоа го беа сфатиле селаните, но не беше доволно тоа, што се постигнуваше само од пет поимотни селани, со по 150-200 брави и од другите кои имаа само по 20 глави, а и помалку, кои не можеа да нагубрат цело лето ни пет декари. Затоа јас направив така што сите тие кои имаа од 20 до 100 глави овци да се здружат во две или во три стада за полесно да можат да ја нагубрат својата нива и да економисуваат со човековата работна сила, која ќе се употреби за други работи, општи за сите здружени домаќинства со своите стада. Оваа мерка ја применивме и покажа широко агитационо значење. Здружените заеднички по ред ги молзеа овците, ораа и ја сееја својата нива. (стр. 251)

Во с. Полог, според планот за реквизицијата, можев да запишам 180 глави овци, а друг добиток немаше. Селото беше турски чифлиг ... заминавме во с. **Петалино**. Таму останавме на 8. и 9. истиот месец. Рано вечерта свршивме работа, кога ги посетивме во делото сите селани. Избравме револуционерен комитет и други функционери, им дадов упатства и заминавме во с. Груница, каде што останавме на 9. преку ноќта и на 10. преку денот... Селото **Груница** (Груниште – подвлекол НВД) е расположено на десниот брег на Црна, на стрмна каменеста месност, со многу малкуораница, чисто пастирско село. Имаше 38 куќи со 150 луѓе и 2050 глави овци и 300 кози, околу 60 говеда и 45 коњи. Покрај тоа што одгледуваше добиток, населението имаше и три сопственици пилани (чаркови) и други две (стр. 251) такви на богати Грци од Битола. Во последните беа ангажирани на работа 30 работници во шумата на чарковите и за превозот за Битола со коњи (на самари). Платите им беа ништожни, три до седум гроша надница, но луѓето се залажуваат дека имаат постојана работа кога чарковите работаат. Зимно време водата, која ги движеше чарковите, замрзнуваше по два–три месеци, а преку летото пресушуваше пак два–три месеци, така што населението не работеше. Според планот за реквизиција запишав 15 овци и кози... (стр. 252) ...во селото Градешница имаше пилана (чарк)...имаше три бакалници... а во Бзовик (Зовиќ – подвлекол НВД) само една бакалница...Селото **Будимирци** е добро оградено од север, североисток и од северозапад со висок гол рид, издаден по средината како камилски грб. Ридот се проширувaше и се снижуваше на југ, личеше на полска височинка, која како да се впиваше под стрмната планина. Даваше работна земја, ораница за трите села: Будимирци, Градешница и Бзовик. Последните две беа на североисток, а Будимирци на југозапад на големата притока на р. Црна. Тоа е село од 48 куќи со 205 луѓе, имаше подобри услови за живот на населението. Предноста му беше во тоа што имаше повеќе работна земја и повеќе планинска шумовита селска месност одошто Градешница. Но сè се работеше произволно, не постоеше никаква колективност меѓу селаните, иако сите беа патријаршисти, како што си се нарекуваа

*самите...<u>Јас зедов статистички податоци и според мојот план за реквизиција запишав 170 глави овци и кози и две говеда.</u> Тие имаа повеќе декари земја, на глава по шест и пол декари, но малку ја обработуваат земјата, зашто убавата борова шума и добрите патишта за добитокот, даваат доволни приходи за да живеат. <u>Мнозина во Будимирци се занимаваа со контрабанда, дури и со кражба за во Грција. Со моето влегување во ова село се запре изворот на приходи од контрабанда и од кражби. По долги лекции ги ставив на клетва.</u> Избравме комитет со десетари, курири, терористи и други...Јас им ги дадов неопходните упатства и на 11.02.1903 г. заминавме за <u>село **Градешница**</u>.* (стр. 253) *Само што пристигнавме наредив собранието веднаш да се одржи...<u>Зедов статистички податоци само за собраните 42 луѓе</u>, а за другите поставив тоа да го направам на второто собрание...Ноќта ја преминавме реката Црна и се запревме во <u>с. **Ивени**</u>, каде* (стр.253) *на 12.02.* (стр. 254) *го минавме денот. Времето беше студено, но јасно. На запад имаше снежна покривка од 30 см. Од Ивени се гледаше секакво движење на десниот брег на раката. По белиот снег по патот од с. Витолиште за с. Градешница се движеше еден црн војнички строј од околу 50 турски војници. Тоа беше потера... Вечерта ние одржавме собрание <u>во с. Ивени. Решивме некои прашања и заминавме за с. **Рапеш**. Ние направивме една мала ревизија на работата во селото и заминавме за селото **Брник**... Вечерта на 13.02. во селото **Маково** имавме собрание, скоро со сите мажи во селото, на број околу 40 луѓе. Зборував на тема – што е општина, околија, округ и држава. Им дадов објаснувања за сите одделно</u>.*“ (стр. 254)

Карта: Извадок од топографска карта на дел од Битолскиот вилает во 1900 г., со обележана патека на движење на Н.П. Русински низ 14 села од новачкиот дел на Мариово




(04.-14.02.1903 г.) 1. Новаци – 2. Рибарци – 3. Чегел – 4. Скочивир – 5. Брод – 6. Полог – 7. Петалино – 8. Груниште – 9. Будимирци – 10. Градешница – 11. Ивени – 12. Брник – 13. Рапеш – 14. Маково.

## Заклучок

Од извадоците можеме да констатираме, дека, Русински, при посетата на селата свикувал собрание на кое отворено зборувал за економската состојба, давал упатства, зборувал на разни теми и водел статистичка за број на куќи, жители, број и вид на добиток, и прибирал податоци за реквизиција, која ќе биде потребна за идното востание и избирал револуционерен комитет на кој им давал насоки.

Врз основа на теренските посети на селата и разговорите со локалните жители формирал свој став за подготвеноста на населението за востание. Така, Русински бил во право кога на Смилевскиот конгрес се залагал дека населението не е спремно за востание. Бидејќи било во голема сиромаштија и немало храна, и при тоа го кажал следното: *„...потреба од храна немаат само четите туку и жените, децата и родителите на востанатиот народ треба да се обезбедат со храна и со други резерви, затоа штом ќе пукне*

*првата пушка на прогласеното востание, пазарите ќе се затворат.“* (стр.267).

Од погоре изнесеното можеме да констатираме, дека наведените села, со мал исклучок, во пред илинденскиот период биле во крајно независна економска состојба, која по востанието уште повеќе се влошила. Ваквата положба на населението предизвикала миграција кон соседните градови, но и печалба во странство, а подоцна и иселување. Вистински егзодус и трагедија овој дел од новачкиот дел на Мариово доживува за време на Првата светска војна, кога селото Чегел целосно е раселено (Лазаревски, стр.132-140), а повеќе села своето население го преполовиле.

**Користена литература**:


1. **Никола Петров Русински**, Спомени (предговор, редакција и коментар, проф. д-р Даринка Пачемска – Петреска и проф. д-р Војо Кушевски), Институт за национална историја (ИНИ), Скопје, 1997 стр. 368
2. **Ѓорѓи Лазаревски**, Исчезнати и раселени населби во Општина Новаци, МНД, Битола, 2014, стр.151

## СОДРЖИНА


СВЕЧЕН ДЕЛ

**Весна Калпаковска**
Пригодна реч кон 21 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . .7
**Стевче Стевановски**
Обраќање кон 21 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . . . . . 9
**Невена Груевска**
Поздравен говор по повод 21 Пелагонски средби. . . . . . . . . . . . . . . . . . . .11

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Даниела Андоновска-Трајковска**
Проф. д-р Златко Жоглев – добитник на Повелбата за животно дело . . .14
**Ѓорѓи Лазаревски**
Големото срце на поетот Панде Манојлов – добитник на наградата Златен клас за македонски вознес (постхумно) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

**Гордана Најдовска**
Блажеконескиот израз
Сто години од раѓањето на Блаже Конески (1921-2021) . . . . . . . . . . . . . . .25
**Вера Стојчевска Антиќ**
Фрагмент од поговорот кон книгата „Црква“ од Блаже Конески . . . . . . . 28

ОД ТАЈНИТЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ КОВЧЕЗИ
или РАСТАЈНУВАЊЕ НА АРХЕОЛОГИАТА

**Виктор Лилчиќ Адамс,**
**Антонио Јакимовски,**
**Горан Тренески**
Антаниа на Еригон. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .36
**Оливера Јандреска**
Античката област Дериоп во северозападниот дел на Пелагонија. . . . . . .48

ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ЕТНОГРАФИЈА,
СТОПАНСТВО

**Никола В. Димитров**
Изводоци од спомените на Никола Петров Русински за општествено-економската положба на селата од денешната општина Новаци. . . . . . .58
**Александар Литовски**
Прилог кон соработката на ослободителните движења на Македонија и Албанија во втора половина на 1943 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 68
**Ивана Хаџиевска**
Методолошка дискусија: весникот „Македонско дело“ (1925-1935) како извор за дискурзивна анализа на национални идентитети . . . . . . . . . . . . 83

**Издавач**
Пелагонски културно-научни средби – Новаци

**За издавачот**
д-р Весна Калпаковска

**Пелагонски културно-научни средби**
**Зборник на трудови бр. 17**
**Новаци 2021**

**Компјутерска подготовка**
д-р Весна Калпаковска

**Техничко уредување**
„Мегасофт плус“ – Битола

**Фотографија на корица**
„Мотив од Сињивирска Река“ с.Долно Ореово
Автор на фотографија Божин Андоновски

**Печати**
„Графо Пром“ - Битола

**Тираж**
150 примероци

ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
НОВАЦИ

ISBN: 978-608-666-86-2-4